Дневни билтени

2015

Февруари
Март
April
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 29.05.2022

На 28/29.05.2022 од страна на полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје, во содејство со Единицата за интервентна полиција и Единицата за внатрешни работи Карпош, при извршена контрола на посетители на музички концерт во објект на подрачјето на Карпош и во два угостителски објекта во Скопје лишени се од слобода 7 лица. Притоа, кај Р.Д.(25) и кај Х.А.(32), двајцата од Р.Косово биле пронајдени три пакувања бела прашкаста материја, кај Ј.К.(37) од Гостивар била пронајдена грутчеста материја, кај З.Д.(32) од Кичево е пронадена марихуана, а кај Ц.С.(27) од Демир Капија – марихуана и грутчеста материја. При контрола на угостителски објекти на подрачјето на Центар и на Аеродром, пак, приведени се С.Г.(24) од Свети Николе и И.Х.(20) од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена прашкаста материја. Лицата се приведени во полициска станица и против нив ќе биде поднесена пријава по член 215 од Кривичниот законик.

На 28.05.2022 во 13.00 часот полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје на подрачјето на Центар го лишиле од слобода А.Љ.(34) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.05.2022 во 16.55 часот полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје на подрачјето на Аеродром го лишиле од слобода А.П.(19) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.05.2022 во 15.50 часот полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје на подрачјето на Карпош го лишиле од слобода Ј.Н.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.05.2022 во 16.10 часот полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје на подрачјето на Карпош го лишиле од слобода Н.С.(24) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.05.2022 во 07.30 часот на Граничниот премин Меѓународен аеродром - Скопје на влез во државата бил приведен М.М.(27) од Азербејџан, затоа што при извршена пасошка контрола било констатирано дека во оперативна евиденција е со мерка „апси", по барање на Интерпол од Азербејџан. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.
На 28.05.2022 во 11.45 часот на Граничниот премин Јажинце, на излез од државата бил приведен А.Ш.(28) од Р.Албанија, бидејќи по извршена гранична проверка било констатирано дека не е евидентиран дека има остварено влез во државата. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Тетово за понатамошна постапка.

На 28.05.2022 во 13.30 часот на Граничниот премин Табановце, на излез од државата бил приведен У.Х.(34) од Косово, поради тоа што при пасошка контрола дал на увид македонска патна исправа на име В.М.(28) од Скопје. При преглед на неговиот багаж била пронајдена неговата лична карта. Патната исправа која ја дал на увид била одземена, бидејќи спротивно на Законот за странци, тој извршил „послуга со туѓа патна исправа", додека при влез во државата на Граничниот премин Долно Блаце на 28.05.2022 тој дал на увид косовска лична карта. У.Х. бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 28.05.2022 во 19.50 часот на Граничниот премин Деве Баир, за излез од државата била приведена Н.Ј.С.К.(19) од Р.Бугарија, затоа што по извршена пасошка контрола било констатирано дека го пречекорила престојот во РСМ, согласно чл.147 ст.1 ал.2 од Законот за странци, односно престојувала повеќе од 90 дена во текот на 180 дена. Таа била приведена и предадена на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

Полициски службеници на СВР Тетово во текот на 28/29.05.2022, во периодот од 23.00 до 05.00 часот, на тетовско-гостиварското подрачје спровеле акциска контрола за управување на возила под дејство на алкохол, во која биле откриени и санкционирани вкупно 30 прекршоци (ТЕ-20 и ГВ-10). На возачите-прекршители изготвени им се соодветни поднесоци и веднаш се исклучени од сообраќај. Покрај ова, санкционирани се и 16 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-12 и ГВ-4).

На 28.05.2022 во 15.50 часот било пријавено дека на локалниот пат с.Велешта - с.Добојани се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „голф 5", управувано од А.О.(28) од Струга и патничко возило „голф 4", управувано од А.И.(20) од с.Горно Татеши, струшко, двете со струшки регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле А.О. и малолетен сопатник од возилото „голф 4", констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Струга.

Во текот на изминатата вечер (28/29.05.2022), во периодот од 23.00 до 04.00 часот, на територија на СВР Велес спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата констатирани се 12 прекршоци, а возачите се законски санкционирани.

На 28.05.2022 во 10.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Г.Д.Ч.(48) од Скопје пријавила дека на ул.„Трифун Хаџи Јанев" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 28.05.2022 во 17.45 часот во Полициската станица Кисела Вода, О.Г.(45) од Скопје пријавил дека на ул.„Серска" неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 28.05.2022 во 20.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, Ф.Т.(21) од Скопје пријавила дека на бул.„Борис Трајковски" била касната од куче скитник.

На 27.05.2022 во 23.10 часот во СВР Охрид приведен е М.Р.(23) од Охрид. Тој претходно, на бул. „Туристичка" во Охрид, кога забележал полициски службеници, исфрлил кутија во која имало две пакувања со бела прашкаста материја и се обидел да избега. Дрогата е одземена, а по целосно документирање на случајот против М.Р. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.05.2022 во 04.50 часот од бул.„Кузман Јосифоски-Питу" од полициски службеници од Полициската станица Центар бил приведен Б.А.(25) од с.Сарај, скопско, поради тоа што кај него бил пронајден и нож, а и агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 16.03.2022 во 12.30 часот во СВР Охрид приведен е С.М.(60) од охридското село Долно Лакочереј. Тој бил лишен од слобода од страна на полициски службеници на ул.„Петрино" во Охрид, бидејќи кај него била пронајдена и одземена ќеса со марихуана. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.05.2022 во 05.30 часот Л.М.(19) од Прилеп пријавил дека околу 01.00 часот пред угостителски објект во Прилеп, додека бил заедно со неговиот другар Д.М., биле физички нападнати од повеќе лица од с.Лажани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28/29.05.2022 од 23.00 до 04.00 часот, при извршени сообраќајни контроли, полициските службеници затекнале 16 возачи кои управувале моторно возило под дејство на алкохол (Охрид-10, Струга-02, Кичево-04). Тие веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни пријави.

На 28.05.2022 во 18.30 часот било пријавено дека на плоштад во Велес, по претходна вербална расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу Д.С.(41) и Н.Д.(41), двајцата од Велес. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.05.2022 во 17.10 часот во Полициската станица Кавадарци од Општата Болница во Кавадарци било пријавено дека кај нив бил донесен со повреда В.С.(36) од Кавадарци. Според пријавеното тој се повредил по извршување на работни задачи во фирма во кавадаречко. Било излезено на лице место од полициски службеници од Полициската станица Кавадарци, а за случајот е известен Трудов инспектор.

На 28.05.2022 во 10.40 часот било пријавено дека во с.Трубарево, скопско, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу М.С.(18) и М.М.(29), двајцата од Скопје. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.05.2022 во 04.30 часот било пријавено дека во Радовиш, по претходна вербална расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу К.А.(28), С.А.(21) и С.Г.(27), сите од с.Ораовица, од една страна и М.Н. и М.Н., двајцата од Радовиш, од друга страна. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.05.2022 во 02.00 часот од полициски службеници од Полициската станица Прилеп бил лишен од слобода Д.С.(22) од Прилеп, затоа што спречувал полициски службеници во извршување на службени дејствија. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.05.2022 во 23.25 часот во Полициската станица Радовиш М.А.(52) од с.Кочалија, радовишко, пријавил дека од домот се оддалечила неговата малолетна ќерка С.А.(15). Според пријавеното, тој се сомневал дека таа е со нејзиното момче од истото село. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори", СВР Охрид поднесе кривична пријава против К.А.(35) од охридското село Долно Лакочереј. При претрес во неговиот дом и помошни простории што ги користел, извршен со судска наредба, полициските службеници пронашле и одзеле 8 тегли со марихуана, саксија со засадено растение канабис и две отсечени растенија канабис, како и мешавина од марихуана и тутун.

На 29.05.2022 во 03.00 часот Љ.П.(22) од Скопје пријавил дека на 28.05.2022 околу 23.30 часот на подрачјето на Ѓорче Петров бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 28.05.2022 во 17.30 часот Л.М.(47) од Кочани пријавил дека на 27.05.2022 околу 13.30 часот на подрачјето на Центар, по претходна вербална расправија, неговиот малолетен син бил физички нападнат од двајца малолетници. Се работи на расчистување на случајот.

На 28.05.2022 во 14.50 часот Т.Д.(71) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Центар едно лице со употреба на сила ѝ одзел личен накит. Се работи на расчистување на случајот.
На 28.05.2022 во 20.46 часот Ѓ.С.(32) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Чаир ветробранското стакло од неговото патничко возило „бмв", со скопски регистарски ознаки, било оштетено од залутано зрно. Повредени лица нема, а увид извршила увидна екипа од СВР Скопје и се работи на расчистување на случајот.

Во текот на 28/29.05.2022 во периодот од 23.00 до 02.00 часот од страна на полициски службеници од СВР Битола била извршена контрола во угостителски објекти на подрачјето на Битола во врска со прегласна музика, односно нарушување на јавниот ред и мир поради голема бучава. Притоа, во седум угостителски објекти било извршено мерење на јачината на бучавата со фонометар, при што било констатирано дека пет од нив ја надминуваат дозволената јачина, односно со прегласна музика го нарушуваат јавниот ред и мир, поради што ќе се соочат со законски предвидените поднесоци.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет